Врз основа на член 57 од Закон за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.35/2008), и согласно член 28 од Статутот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Ректорската Управа на Универзитетот распишува

**К О Н К У Р С**

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ**

**НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ВО ПРВ УПИСЕН РОК ВО АКАДЕМСКАТА 2011/2012 ГОДИНА**

1. Заинтересираните кандидати можат да се запишат и да посетуваат настава на прв циклус студии на студиските програми што се организираат на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. На Универзитетот можат да се запишат вкупно 435 студенти во прва година за академската 2011/2012 година.

1.1. На Факултет за деловна економија и организациони науки можат да се запишат вкупно 225 студенти во прва година на студии на следните насоки:
- Менаџмент, Маркетинг и Финансии (настава на англиски јазик);
- Менаџмент, Маркетинг и Финансии (настава на македонски јазик);

Кандидатите кои ќе се запишат на вонредни студии, освен на горенаведените насоки можат да се запишат и на насоката бизнис администрација.

1.2. На Факултетот за правни науки можат да се запишат вкупно 60 студенти во прва година на студии (настава на македонски јазик)

1.3. На Факултет за политички науки можат да се запишат вкупно 50 студенти во прва година на студии на следните насоки:
- Меѓународни односи и дипломатија (настава на македонски јазик);
- Човекови права (настава на македонски јазик);

1.4. На Факултетот за архитектура и дизајн можат да се запишат 60 студенти во прва година на студии (настава на македонски јазик)

1.5. На Факултетот за компјутерска техника и информатика можат да се запишат 40 студенти во прва година на студии (настава на македонски јазик) на следните насоки:
- софтверско инженерство
- компјутерски мрежи
- менаџмент на информациски системи

1.6. Доколку на некои од Факултетите не се пополни соодветниот број на студенти, неисполнетиот број на студенти може да се транферира на друг Факултет, во рамките на вкупниот број на студенти кои можат да се запишат на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

На Универзитетот можат да се запишат и студенти во повисоки години кои се трансфер од други високообразовни установи, студенти кои посетуваат програма Ерасмус Мундус, како и други програми за мобилност на студенти, но во рамките на вкупната квота на студенти.

1. Индикативниот надоместок за запишување и посетување настава на прв циклус студии за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува:

   - 2.000 евра за студирање на македонски јазик
   - 2.600 евра за студирање на англиски јазик.

   Надоместокот за студирање и условите за можните начини на плаќање се регулирани со Правилникот за финансиски надоместоци.

2. Услов за запишување на прв циклус студии е положена државна матура или меѓународна матура.
   Ако на конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во првиот уписен рок не се јави доволен број на кандидати кои ги исполнуваат условите од став 1 на овој член, право на упис на прв циклус студии може да имаат и лицата кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.
   Странските државјани се запишуваат на студии под исти услови како и државјаните на Република Македонија, освен под условите утврдени во ставовите 1 и 2 на овој член со завршено соодветно образование.

   Доколку на конкурсот се јават повеќе кандидати од утврдениот број согласно овој конкурс, нивниот избор ќе се врши со рангирање според постигнатиот просечен успех во средното образование.

3. Кандидатите за запишување и посетување настава на наставни програми на англиски јазик ќе бидат тестирани за степенот на познавање на јазикот.
   Врз основа на постигнатите резултати на тестирањето ќе се организира подготвителна настава по англиски јазик

4. Кандидадите што ќе се запишат на прв циклус студии најдоцна до 31.05.2011 година, добиваат:

   а) Бесплатна подготвителна настава за подготовка за државна матура (за кандидати кои завршуваат четврта година средно образование во учебната 2010/2011 година);
   б) Бесплатна подготвителна настава по англиски јазик (за студенти кои се запишуваат на наставни програми на англиски јазик);
   в) Бесплатна подготвителна настава по математика (за студенти на Факултетот за деловна економија и организициски науки, Факултетот за архитектура и дизајн и Факултетот за компјутерска техника и информатика);
   г) Бесплатна подготвителна настава по цртање (за студенти по архитектура);
   д) Бесплатна подготвителна настава по информатика (за студенти на Факултетот за компјутерска техника и информатика)
   ѓ) Попуст од 5% од износот на надоместокот за запишување на студии;

6. На Универзитетот Американ Колеџ кандидатите можат да се запишат и на вонредни студии на сите Факултети, освен на Факултетот за архитектура и дизајн , доколу исполнуваат соодветни услови а во рамки на вкупниот број на студенти од точка 1 на овој конкурс.

Индикативниот надоместок за запишување и студирање на вонредните студенти за една академска година со вредност од најмалку 60 ЕКТС и студирање на македонски јазик изнесува 2.000 евра. Надоместокот за студирање и условите за можните начини на плаќање се регулирани со Правилникот за финансиски надоместоци.
Одредбите од точка 5 на овој конкурс важат и за вонредните студенти, со исклучок на алинеа г).

7. Уписниот рок започнува со објавувањето на конкурсот и трае до 20.08.2011 година.

Кандидатите со вкупно освоени од 60 до 100 поени од сите параметри вклучени во пресметувањето на успехот, ќе се запишуваат по принципот прв дојден прв услужен при што ќе се земат во предвид кандидатите кои извршиле претходна регистрација од објавувањето на конкурсот до 20 Август 2011.
Кандидатите со вкупно освоени од 45 до 59 поени од сите параметри вклучени во пресметувањето на успехот, можат да се запишат на Универзитетот под посебен режим на студирање, доколку има слободни места на Универзитетот.

Овој конкурс е отворен до пополнување на вкупниот број на студенти.

Подетални информации во врска со овој конкурс можат да се добијат на Универзитет Американ Колеџ Скопје на тел. број 2 463 156 или на web страната на Универзитетот www.uacs.edu.mk.

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**
**Ректорска управа**